Централна кооперативна банка АД Скопје

Врз основа на член 86, став 1, точка 1 од Законот за банките и член 59, став 1, точка 1 од Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката на седницата на Вонредното собрание одржана на 17.01.2023 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Статутот на**
**Централна кооперативна банка АД Скопје**

**Член 1**

Во Статутот на Банката се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во членот 77, ставот 1 се менува и гласи:
„(1) Надзорниот одбор на Банката го сочинуваат шест члена од кои најмалку двајца мора да бидат независни членови."

2. Во членот 90, се додава нов став 2 кој гласи:
„(2) Гласот на претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство, гласот на заменик претседателот на Надзорниот одбор, е одлучувачки во случај на подеднаква поделба на гласовите."
Досегашниот став 2, станува став 3.

**Член 2**

Собранието на акционерите на Банката го овластува Надзорниот одбор да изврши промени и дополнување во оваа одлука, по евентуалните забелешки на Народна банка на РСМ во постапката за добивање решение за претходна согласност за измена на статутот, кои измени ќе бидат одразени во пречистен текст на статутот, којшто Надзорниот одбор на Банката ќе го изготви и потпише по добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ.

**Член 3**

Се овластува Надзорниот одбор да изготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ.

***Образложение***

Потребата за измени и дополнувања на статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје произлегува од потребата за проширување на составот на Надзорниот одбор на Банката, преку коишто измени ќе се постигне поголема стабилност на составот од аспект на запазување на законски определениот минимум број на членови.

Исто така, со измените и дополнувањата предвиден е парен број на членови на Надзорниот одбор, па се уредува и одлучувањето на Надзорниот одбор во случај на поделба на гласовите на еднаков број при гласање.

Со овие измени и дополнувањата на статутот на Банката се постигнува поголема рационалност и прецизност во дефинирање на наведените случаи.

Од погоре наведените причини, следуваше Собранието на акционерите да одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**СА бр. 0201 – 01**
**17.01.2023 год.**
**С К О П Ј Е**

**Претседавач,**
**г-дин Смилен Цинцарски**

Централна кооперативна банка АД * Скопје *